ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-2931/2
30.03. 2026 год.
СКОПЈЕ 1

ИЗВЕШТАЈ

по забелешки од Извештајот за самоевалуација на Европски универзитет – Скопје за период 2022–2025 година од Комисија за обезбедување на квалитет на Европски Универзитет Скопје

Во согласност со донесената Одлука за постапување по забелешки од Извештајот за самоевалуација на Европски универзитет – Скопје за периодот 2022–2025 година, беше извршена детална анализа на сите утврдени забелешки кои се однесуваат на наставно-научниот кадар, административните служби и општото функционирање на Универзитетот.

Во процесот на постапување по забелешките одлучено е да се применети индивидуален пристап, при што ќе бидат реализирани одделни разговори со секој наставник, секој соработник и секој вработен кој е опфатен или поврзан со наводите и забелешките во Извештајот за самоевалуација. Разговорите би биле со цел подетално појаснување на констатираните состојби, размена на ставови, како и идентификување на можности за подобрување на наставниот, организацискиот и работниот процес. Ќе се обрне внимание на укажување на можноста за подобрување на интерактивноста на предавањата, како и за зајакнување на односот меѓу наставниот кадар и студентите, со цел создавање на поотворена и поинклузивна академска средина. Исто така, ќе се истакне потребата од поголемо вклучување на практичната настава во наставните програми, со што би се зголемила применливоста на стекнатите знаења.

Во делот кој се однесува на наставно-научниот кадар, се констатира дека студентите во најголем дел се задоволни од квалитетот на наставата, како и од стручноста и компетентноста на наставниот и асистентскиот кадар. Резултатите од анкетирањето укажуваат дека наставниот кадар е оценет со високи просечни оценки, кои во најголем дел се над 4,00, што укажува на високо ниво на доверба и задоволство кај студентите.

Во однос на наставните материјали, беа евидентирани забелешки за дел од понудените учебници, при што во разговорите со наставниот кадар беше нагласена потребата од нивна ажурираност, усогласување со современите наставни содржини и дополнително збогатување на литературата.

Во делот на општиот прашалник, студентите изразуваат генерално високо ниво на задоволство од студирањето на Европскиот универзитет – Скопје. Значителен број од студентите изјавиле дека би го препорачале Универзитетот на идни студенти, што претставува показател за позитивна институционална перцепција.

Особено е нагласено задоволството од работата на Службата за студентски прашања, како и од достапноста, професионалноста и ефикасноста на административниот персонал. Исто така, студентите изразуваат задоволство од останатите услуги што ги обезбедува Универзитетот, што укажува на стабилен административно-организациски систем.

Сепак, во дел од одговорите се забележува пониско ниво на задоволство во однос на работата на студентскиот парламент, што беше дополнително разгледано во посебни консултативни разговори со засегнатите лица. Во тие разговори беа идентификувани области за подобрување на транспарентноста, активностите и вклученоста на студентското претставничко тело.

Исто така, беа евидентирани забелешки поврзани со хигиената во одредени простории и со системот за греење, кои беа разгледани со надлежните служби за техничко одржување. Во оваа насока, беа утврдени конкретни насоки за подобрување на условите во објектите, со цел обезбедување на посоодветна и поквалитетна работна и студиска средина.

Дополнително, беше утврдена потреба од подобрување на техничката опременост во компјутерските лаборатории. Ова прашање беше разгледано со одговорните лица за техничка поддршка и ИТ инфраструктура, при што беа предложени мерки за постепено унапредување и модернизација на опремата.

Согласно спроведените активности и индивидуални разговори со сите засегнати страни, се констатира дека забелешките се сериозно разгледани, а во следниот период ќе се пристапи кон нивна систематска имплементација и следење, со цел континуирано подобрување на квалитетот на наставниот процес, услугите и целокупното функционирање на Универзитетот.

Врз основа на извршената анализа на забелешките од Извештајот за самоевалуација на Европски универзитет – Скопје за периодот 2022–2025 година, се констатира дека утврдените забелешки се целосно разгледани и обработени на систематски и сеопфатен начин.

Се утврдува дека студентите во најголем дел се задоволни од квалитетот на наставата, компетентноста на наставниот кадар и услугите што ги обезбедува Универзитетот, при што се нотираат и одредени области кои бараат понатамошно подобрување, особено во делот на практичната настава, наставните материјали, техничката опременост, како и условите за работа и студирање.

Сите констатирани забелешки се земени предвид и за нивно надминување ќе се преземат соодветни мерки во наредниот период, во насока на континуирано унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес, студентските услуги и целокупното функционирање на Универзитетот.

Со ова се потврдува дека процесот на самоевалуација претставува значаен механизам за подобрување на квалитетот и развојот на институцијата, кој ќе продолжи да се спроведува и во иднина со зголемено внимание и систематски пристап.

27.03.2026, Скопје

Претседател на Комисија за обезбедување
на квалитет на Европски Универзитет Скопје

Проф. д-р Соња Вујасин